**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 10.05.2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 2366 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски,**
**директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** Културно Здружение ВИЗИОНИ М Скопје, издавач на магазинот „Шења", и тоа:

- изданието бр.85 на магазинот „Шења" за месец мај 2018 година.

3. **Датум на извршување на надзорот:** 10 мај 2018 година.

4. **Предмет на надзорот:** Контролниот надзор се врши со цел да се констатира дали Културното Здружение ВИЗИОНИ М Скопје постапило по решението за преземање мерка – опомена, кое Агенцијата му го упати по извршен редовен административен надзор. Редовниот надзор беше извршен на 27.02.2018 година и со него беше констатирано дека овој издавач на печатен медиум не ја исполнил во целост обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, според која *„издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум; име на одговорното лице на издавачот на медиум; име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум".* Имено, издавачот на печатен медиум, во изданието бр.82 на магазинот „Шења" за февруари 2018 година, не ги објавил податоците за: адресата на уредништвото на издавачот на медиумот, името на одговорното лице на издавачот на медиумот, називот и адресата на печатницата, датумот на печатење или препечатување и бројот на печатени примероци.

5. **Претходно изречена мерка:** Решение за преземање мерка - опомена бр.03-115 од 01.03.2018 година, по спроведен редовен административен надзор на Културното Здружение ВИЗИОНИ М Скопје.

6. **Констатации од надзорот:** Со контролниот надзор на изданието бр.85 на магазинот „Шења" за мај 2018 година е констатирано дека Културното Здружение ВИЗИОНИ М Скопје во целост постапило по решението за преземање мерка, односно го отстранило прекршувањето на член 14 став 1 од Законот за медиуми.